**ФД Монимакс Финансиско ДООЕЛ Охрид**
објавува оглас за вработување на

**СМЕТКОВОДИТЕЛ**

Доколку сте професионална, одговорна и организирана личност со искуство во сметководство, Ве покануваме да станете дел од нашиот тим.

**Работни задачи и одговорности**

- Водење на целокупната сметководствена евиденција согласно законските прописи.
- Книжење и контрола на влезни и излезни фактури.
- Контрола и книжење на банкарски изводи.
- Подготовка и реализација на плаќања.
- Контрола на извршените сметководствени книжења.
- Подготовка и поднесување на ДДВ пријави.
- Изготвување на годишни финансиски извештаи и завршна сметка.
- Подготовка на финансиска документација и соработка при ревизии.
- Подготовка, изработка и навремено доставување на извештаи до Министерството за финансии, Народната банка и други надлежни институции.
- Работа со големи бази на податоци, подготовка на финансиски анализи, интерни извештаи и регулаторни извештаи.

**Потребни квалификации**

- Предност ќе имаат кандидатите со искуство во банка, финансиско друштво или друга финансиска институција
- Одлично познавање на сметководствените и даночните прописи.
- Познавање на англиски јазик
- Високо ниво на аналитичност, одговорност и внимание на детали
- Способност за самостојно организирање на работните задачи и почитување на рокови

**Нудиме**

- Работа во стабилна и реномирана финансиска институција.
- Професионална и динамична работна средина.
- Можност за професионален развој и усовршување.
- Конкурентна плата и пакет на бенефиции согласно квалификациите и искуството.

**Начин на аплицирање**

Заинтересираните кандидати може да ја достават својата биографија (CV) и мотивациско писмо на **employment@moneymax.mk**

Ќе бидат контактирани само кандидатите кои ќе влезат во потесен избор.

Ви благодариме за покажаниот интерес!